У-6 бр.830/2025
У-6 бр.832/2025

## ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите: Даниела Антовска - претседател на советот, Ана Герасимовска и м-р Дитурије Елези Незири - членови на советот, со записничар Моника Георгиева - виш судски соработник, одлучувајќи по тужбата и барањето за времена мерка на тужителот Е.Т. од Скопје, поднесена преку полномошник Игор Цифоров адвокат од Скопје, против Одговор на претставка бр.03-63 од 27.10.2025 година, на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, за пристап до информации од јавен карактер, по одржаната јавна расправа на 28.11.2025 година, во присуство на тужителот, неговиот полномошник и овластен претставник на тужениот орган, на 02.12.2025 година, ја донесе и објави следната:

## П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителот Е.Т. од Скопје, СЕ УВАЖУВА.

Одговорот на претставка бр.03-63 од 27.10.2025 година, на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, СЕ ПОНИШТУВА и СЕ ОДЛУЧУВА:

Жалбата на Е.Т. од Скопје, изјавена против Одговорот на барање за пристап до информации од јавен карактер Бр.03-1652/2 од 08.10.2025 година, на Јавното претпријатие за комунални работи КОМУНАЛЕЦ - Кавадарци, СЕ ОТФРЛА.

## Р Е Ш Е Н И Е

I

Барањето на тужителот Е.Т. од Скопје, Управниот суд, согласно член 29 од Законот за управните спорови, да определи времена мерка со цел времено регулирање на состојбата во врска со спорниот правен однос и да одлучи дали бараните информации се информации од јавен карактер или не, кои се од суштинско значење за заштита на имотните права и интереси на тужителот, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

II

Барањето на тужителот преку полномошникот, за надомест на трошоците во постапката, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

## О б р а з л о ж е н и е

Тужителот Е.Т. од Скопје, пред Управниот суд поведе управен спор, против Одговор на претставка на сега тужениот орган Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, со кој тужителот се известува дека поради природата на барањето, жалбата не може да ја прифати како жалба согласно Законот за слободен пристап за информации од јавен карактер, со образложение дека во случајот не станува збор за постапка по барање за информации од јавен карактер. Тужбата ја поднесува поради погрешна примена

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА УПРАВЕН СУД СКОПЈЕ

на материјалното право, повреда на правилата на постапката и погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба. За тужителот е нејасно врз кој основ и кој материјален пропис тужениот неможе да ја прифати жалбата и ја смета за претставка по која постапува и дава одговор. Ако Агенцијата сметала дека барањето е неосновано или недопуштено, била должна да го одбие или отфрли барањето со решение, откако претходно ќе спроведе формална постапка за пристап до информации од јавен карактер, а согласно членовите 17, 20 и 35 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и членовите 8 и 20 од Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, при што, решението мора да содржи правна поука за жалба или право на судска заштита, а не да дава одговори на барање и одговори на претставка, укажувања и слично. Понатаму, наведува дека имателите на информации можат да одбијат пристап до информација од јавен карактер и да се забрани или ограничи пристапот согласно членовите 6 и 7 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Она што органот го наведува дека целта на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер е пристап до информации од јавен карактер, а не барателот на овој начин да остварува лични, приватни или индивидуални права, или како странки со цел да прибават докази за водење на други постапки пред надлежни органи, никаде не е пропишано во Законот и Упатството и е спротивно на член 2 од предметниот закон. Од барањето за пристап до информации од јавен карактер, јасно може да се утврди дека не е точно дека барателот барал да се изврши увид во водомерните приклучоци како што наведува тужениот орган, туку увид во документи, шеми, скици, решенија и други пишани извори на информации за други водомерни единици кои ЈП Комуналец Кавадарци мора да ги поседува, а се битни за правниот однос помеѓу барателот како корисник и имателот на информации како давател на услуги. Предложи тужбата да се уважи, решението насловено како одговор на претставка да се поништи и да се задолжи имателот на информации да го прифати барањето на тужителот и да му овозможи пристап до бараните информации. Побара трошоци за адвокатска награда за состав на тужба и барање за времена мерка во износ од 15.750,00 денари.

Со тужбата тужителот истакна и посебно барање за донесување на времена мерка, согласно член 29 од Законот за управните спорови, со барање Управниот суд да издаде времена мерка со цел регулирање на состојбата во врска со спорниот однос и да одлучи дали барањето информации се информации од јавен карактер или не, со оглед на тоа што барателот може во меѓувреме да претрпи сериозна и неотстранлива штета која тешко би можела да се надомести со тоа што ЈП Комуналец Кавадарци би наплатил неосновани побарувања, а тужителот ќе остане без можност во законска постапка за ги употреби бараните информации.

Тужениот орган во одговор на тужбата и барањето за времена мерка, ги достави списите на предметот и остана кон истите наводи како во одговорот на жалбата, со предлог тужбата да се одбие како неоснована.

На одржаната јавна расправа на 15.05.2024 година, полномошникот на тужителот предложи судот по однос на времената мерка, согласно член 29 од Законот за управните спорови, да ја определи времената мерка со цел времено регулирање на состојбата во врска со спорниот правен однос и да одлучи дали бараните информации се информации од јавен карактер или не. Информациите што се бараат од имателот се од суштинско значење за заштита на имотните права и интереси на тужителот, па доколку истиот не биде прифатен, тужителот ќе биде ставен во состојба да трпи ненадоместлива штета и дополнително што од

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА УПРАВЕН СУД СКОПЈЕ

документацијата произлегува дека имателот на информации воопшто не постапил по барањето од Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер што создава состојба дека може да му се оневозможи правото на пристап до информациите, па од тие причини смета дека судот треба да интервенира со времена мерка со цел да се спречи настанување на штета и дополнително ограничување на правото на пристап до информации. По однос на тужбеното барање, а особено по однос на наводите на тужениот истакнати во одговор на тужба истакна дека наводите на тужениот дадени во одговорот на тужба се неточни, паушални и спротивни на одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер особено на членовите 6 и 7 кои воопшто не се применети од страна на тужениот иако тие престтавуваат единствен законски основ за ограничување на правото на пристап. Во одговорот на тужбата се наведува дека поднесената жалба не можела да се смета за жалба туку за претставка без да се наведе по кој основ и врз која законска одредба се извлекува таквиот заклучок. Ваквиот став е произволен бидејќи тужениот орган нема право да ја менува правната природна на поднесокот кој тужителот го означил и поднел како жалба, ниту Законот за слободен пристап, ниту Законот за општата управна постапка, а ниту Законот за претставки не му даваат овластување на тужениот да врши преквалификација на правниот лек и на тој начин да избегне да донесе решение по жалбата. Во одговорот тужениот исто така наведува дека барањето не се однесувало на јавен интерес и истиот не бил наменет за лични или приватни интереси и дека тужителот наводно барал податоци за други постапки. Овие наводи се неосновани бидејќи законот во ниту една одредба не предвидува дека барателот треба да има јавен интерес или дека пристапот до информации се ограничува кога барателот има приватен интерес. Дополнително тужениот нема законска можност да навлегува во мотивите на барателот, ниту да оценува како и за што би ја користел добиената информација бидејќи законот јасно предвидува дека барател е секое лице и дека не постои ограничување во однос на целта на користење. Во образложението тужениот исто така наведува дека тужителот наводно барал увид во водомерни приклучоци што не било предмет на овој закон меѓутоа ваквиот навод е неточен и паушален затоа што тужителот во своето барање јасно побарува пристап до документи, шеми, решенија и други писмени информации кои несомнено спаѓаат во категоријата по член 3 од Законот. Во одговорот тужениот никаде не наведува дека бараните информации спаѓаат во некој од категориите од член 6: клацифицирани информации, лични податоци, доверливи, архивски материјали, податоци поврзани со истрага, фискална тајна, комерцијални интереси, документ во подготовка или интелектуална сопственост, ниту една од овие законски дозволени причини не е утврдена, спомената или образложена, а со тоа тужениот фактички оди до пристап без да утврди постоење на законска пречка што претставува спротивно постапување од закон. Тужениот не го применил ниту член 7 од Законот кој го обврзува органот дури и во случај на постоење ограничени делови од информацијата да ги издвои тие делови и да му дозволи на барателот пристап до преостанатиот дел од документот. Со оглед на тоа што тужениот орган своето одбивање го заснова на погрешна фактичка состојба, неправилна примена на материјалното право, неприменување на членовите 6 и 7 и воведување сопствени критериуми кои не се предвидени со законот, смета дека истото е незаконито. Оттука, јасно произлегува дека наводите од одговорот на тужениот се неосновани, па предложи судот да ја уважи тужбата на начин како што е предложено во петитумот на истата, како и да го задолжи со трошоци по постапката и тоа: за состав на тужба, присуство на едно рочиште во износ од 20.020,00 денари, како и судска такса за тужба и одлука 1.280,00 денари.

Судот му даде збор на тужителот, кој истакна дека во врска со личниот и јавниот интерес, во принцип во неговото барање се бараат информации со кои што се утврдува законитоста на работењето на Комуналното претпријатие што несомнено претставува јавен интерес без оглед што се однесува на податоци кои што се однесуваат за стопанскиот двор на АД Таска кои што се однесуваат на спроведување на Законот од комунални дејности од страна на ЈП Комуналец по кој е должен да работи. Проверката на овој факт е преку барањето на тие информации.

Овластениот претставник на тужениот орган, на одржаното рочиште за јавна расправа, истакна дека останува во целост наводите во одговорот на претставката и одговорот на тужбата, со тоа што смета дека поднесената жалба до Агенцијата против имателот на информации треба да се третира како претставка од причина што постои од страна на тужителот личен интерес по поднесеното барање што е спротивно на член 3 алинеја 7 од Законот за слободен пристап до информации од јавниот интерес и целта на овој закон. Што се однесува до наводите на тужителот кој тврди дека Агенцијата нема постапено согласно член 6 и 7 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер наведува дека се одредби од стариот закон кој не е во сила и набројаните исклучоци не се предвидени со овој закон, туку се предвидени во Законот за слободен пристап до информации од јавниот интерес од 2006 година кој не е во сила. Агенцијата смета дека правилно постапила по Законот за претставки и предлози со тоа што му укажала на барателот на информации дека со одговорот на претставката, не е одбиен пристапот до информации од јавен карактер, што значи дека институцијата Јавното комунално претпријатие Комуналец Кавадарци е должен да му овозможи пристап на бараните информации согласно материјалните закони, а не согласно Законот за слободен пристап до инфомации. Предложи тужбата на тужителот да се одбие како неоснована и барањето по времена мерка да се офрли или одбие.

Во доказна постапка, Судот на расправата ги изведе следните докази: Решение - Одговор на претставка Бр.03-63 од 27.10.2025 година, доставување на претставка на надлежност од тужениот до ЈП Комунални работи Комуналец - Кавадарци бр. 03-67 од 27.10.2025 година, Жалба од 13.10.2025 година, Одговор на Барање за пристап до информации од јавен карактер од ЈП Комунални работи Комуналец - Кавадарци до сега тужител Бр. 03-1652/2 од 08.10.2025 година, Барање за пристап до инфромации од јавен карактер од 16.09.2025 година, Тековна состојба од ЦР на РСМ Бр. 0805-50/150020250405340 од 03.11.2025 година, Одговор на тужба Бр. 03-63 од 30.10.2025 година, по што, го испита оспореното решение - одговорот на претставката во границите на тужбеното барање во смисла на член 35 од Законот за управните спорови, па по оценка на тужбените наводи, одговорот на тужбата, списите на предметот и наводите истакнати на јавната расправа, најде:

Тужбата на тужителот е основана.

Од списите на предметот произлегува дека сега тужителот Е.Т. од Скопје, во својство на неизвршен член на одборот на директори на АД Таска Кавадарци, до ЈП Комуналец Кавадарци од Кавадарци, на 16.09.2025 година, поднел Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер со кој побарал од имателот да му даде информации, вкупно 31 кои се однесуваат на број на водомери главни и контролни, колку се активни а колку исклучени, кој тип се користеле во одреден период, увид и копии на решенија за приклучоци, одобрувања, копии од фактури, причини за паушални пресметки, да се даде на увид Договор склучен со корисник на услуги АД Таска, доказ за достава на сметки и на кој

начин, да се појасни начинот на пресметка на ставки од одредени фактури, за колку квадрати од дворот на АД Таска за други корисници, а сето ова во врска со водомерите на други корисници во стопанскиот двор на АД Таска.

Постапувајќи по оваа барање ЈП Комуналец Кавадарци, до барателот доставил Одговор на барање Бр.03-1652/2 од 08.10.2025 година, во кој е наведено дека АД Таска Кавадарци и ЈП Комуналец Кавадарци се во должничко-доверителски однос, за кој веќе има актуелни судски, правосилни и извршни постапки и во истите бил овозможен целосен пристап и достава на целокупната документација. Како една од странките во постапките АД Таска Кавадарци, има право во секој момент да изврши увид во предметите, а истите се веќе во извршни постапки кај извршител врз основа на извршна исправа донесена од Основен суд Кавадарци и извршител каде што се водат повеќе извршни постапки, врз основа извршна исправа од нотар и правосилна пресуда на Основен суд Кавадарци врз основа на извршна исправа, донесена врз основа на пресуда на Основен суд Кавадарци и пресуда од апелационен суд, сите со број и датум наведени во одговорот. Во продолжение е наведено дека поднесеното барање за пристап до инфорации од јавен карактер, не е во согласност со целта и намената на законските одредби од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, затоа што подносителот на барањето е една од страните во веќе постоечки должничко-доверителски однос, а со тоа му се целосно познати и има пристап до таксативно наведените побарани информации во конкретното барање.

Незадоволен од ваквата одлука - одговор, тужителот изјавил жалба до сега тужениот орган со наводи како во тужбата.

Постапувајќи по жалбата, тужениот орган донел Одговорот на претставка бр.03-63 од 27.10.2025 година, во кој, меѓудугото, е наведено дека неможе да ја прифати жалбата на тужителот како жалба согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, бидејќи во конкрениот случај не станува збор за Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, туку станува збор за постапка по Барање за информации од надлежност на ЈП Комуналец Кавадарци, укажувајќи му воедно на тужителот дека целта на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, е на физичките и правните лица да им се овозможи да го остварат правото на слободен пристап до информации од јавен карактер и обезбедат јавност и отвореност во работењето на органите, за начинот на користење на јавните пари, парите на граѓаните, да се овозможи учество на граѓаните во креирањето и водењето на политики и слично, а не преку Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, барателите да остварат лични, приватни или индивидуални права, да обезбедат докази за водење на други судски постапки и слично, како во конкретниот случај каде сега тужителот барал податоци за увид во водомерни приклучоци и слично како засегната странка, цитирајќи го при тоа, членот 2 од Законот за постапување по преставки и предлози. Во прилог на овој одговор, на сега тужителот му доставил и допис за препраќање на жалбата како претставка до ЈП Комуналец Кавадарци.

Судот најде дека тужениот орган, со оспорениот Одговор на преставка, сторил повреда на процесните одредби, поради следното:

Согласно член 3 став 1 од Законот за управните спорови ("Службен весник на Република Северна Македонија" број 96/2019), во управен спор судот одлучува за законитоста на конечните поединечни управни акти кои директно влијаат на правниот статус на тужителот, односно со кои се решава за правата, обврските и правните интереси на тужителот.

Согласно член 4 став 6 од Законот за управните спорови, "управен акт" е поединечен акт со кој јавниот орган одлучил за права, обврски и правни интереси на физичко или правно лице, односно друго лице кое може да биде странка во определена управна работа, како и поединечен акт донесен во прекршочна постапка. Управните акти можат да бидат насловени како решение, одлука, наредба, лиценца, дозвола, забрана, одобрение, известување или други акти утврдени со закон.

Согласно член 35 став 1 од Законот за управните спорови, судот одлучува во границите на тужбеното барање, но не е врзан со причините на тужбата.

Согласно член 4 став 1 алинеја 6 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Северна Македонија" број 124/2015), одделни поими во овој закон го имаат следново значење: „Управен акт" е поединечен акт на јавен орган кој е донесен врз основа на закон со кој се решава за правата, обврските и правните интереси на странките. Управните акти можат да бидат насловени како решение, одлука, наредба, лиценца, дозвола, забрана, одобрение или други.

Согласно член 2 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/2019) со овој закон се обезбедува јавност и отвореност во работењето на имателите на информации и им се овозможува на физичките и правните лица да го остваруваат правото на слободен пристап до информации од јавен карактер. Според став 2 на истиот член, Имателите на информации за својата работа се должни да овозможат информираност на јавноста.

Согласно член 3 став 1 алинеја 7 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, определени изрази употребени во овој закон го имаат следново значење: - „јавен интерес" во остварувањето на правото на пристап до информации подразбира, но не се ограничува, на интерес за информации, со чие што објавување, односно остварување пристап: 1) ќе се открие злоупотреба на службена положба и коруптивно однесување; 2) ќе се открие противправно стекнување или трошење на буџетски средства; 3) ќе се открие потенцијален судир на интереси; 4) ќе се спречат и откријат сериозни закани по здравјето и животот на луѓето; 5) ќе се спречи и открие загрозување на животната средина; 6) ќе се помогне да се разбере прашањето за кое се креира јавна политика или се води парламентарна дебата и 7) ќе се овозможи еднаков третман на секој граѓанин пред законите.

Согласно член 26 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, право на правна заштита во согласност со овој закон има барателот кој поднел барање за пристап до информација согласно со членот 12 став (1) од овој закон.

Во конкретниот случај, видно од списите во предметот и согласно цитираните законски одредби. Судот утврди дека тужениот орган во оспорениот одговор,

правилно утврдил дека тужителот не поднел Барање за слободен пристап на информации од јавен карактер, согласно член 16 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, каде меѓудругото е пропишано дека по барањето се постапува откако ќе се утврди дека се работи за пристап до информации од јавен карактер, туку дека поднел барање за информации од надлежност на ЈП Комуналец Кавадарци како дават**е**л на услуги, а врска со договорниот однос со АД Таска Кавадарци како корисник на тие услуги.

Имено, целта на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и улогата на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, е на физичките и правните лица да им овозможи да го остварат правото на слободен пристап до информации од јавен карактер и да обезбедат јавност и отвореност во работењето на органите, за начинот на користење на јавните пари, да се овозможи учество на граѓаните во креирањето и водењето на политики и слично, односно информации до чиј пристап има право секој граѓанин, правно и физичко лице, а нема за цел преку поднесување на барање за пристап на информации од јавен карактер, барателите да прибават информаци за остварување на лични, приватни или индивидуални права или како странки да обезбедуваат докази за водење на судски постапки како во конкретниот случај.

Од содржината на таксативно истакнатите барања на тужителот наведени во Барањето за слободен до информации од јавен карактер поднесено до ЈП Комуналец Кавадарци, произлегува дека тужителот бара конкретни информации и податоци во врска со водомерни приклучоци, главни и контролни, нивниот број, колку се активни а колку исклучени, кој тип се користеле во одреден период, увид и копии на решенија за приклучоци, одобрувања, копии од фактури, причини за паушални пресметки, увид во Договор склучен со корисник на услуги АД Таска, доказ за достава на сметки и на кој начин, начин на пресметка на ставки од одредени фактури, за колку квадрати од дворот на АД Таска за други корисници, а сето тоа во врска со водомерите на други корисници во стопанскиот двор на АД Таска, што не се информации од јавен карактер, туку информации со кои се засега во правата и интересите само на корисниците и давателите на услугите. Оттука, должничко-доверителскиот однос помеѓу давателот и корисникот на конкретната услуга е регулиран со соодветни материјални прописи кои ја регулираат таа материја, а пристапот до податоците односно информациите на тужителот како корисник на тие услуги му е обезбеден како странка односно корисник директно во судските и другите постапки кои се водат пред надлежни органи, согласно материјалните прописи кои ја уредуваат таа материја, вклучително и преку одредбите од Законот за постапување по претставки предлози на кој се повикува тужениот орган.

Воедно, Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, е самостоен и независен државен орган и постапува согласно надлежностите наведени во член 30 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер како lex specialis во областа на слободен пристап до информации од јавен карактер и нема надлежност да ги задолжува имателите на информации да постапуваат согласно надлежности кои произлегуваат од друг Закон, а не од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Меѓутоа, од содржината на Одговорот на Барањето, на ЈП Комуналец Кавадарци, доставено до барателот односно сега тужителот, произлегува дека на барањето на тужителот за слободен пристап до информации од јавен карактер,

веќе му е даден третман на претставка, па во постапка по жалба против истиот, тужениот орган не требал жалбата да ја третира како претставка туку како правен лек па со истите наводи истакнати во својот одговор, да донесе решение со кое жалбата ќе ја отфрли. Оттука, тужениот орган бил должен да одлучи по жалбата и да донесе управен акт со кој жалбата ќе ја отфрли, во рамките на своите надлежности согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и Законот за општата управна постапка, со конкретно образложение за својата одлука.

Од наведените причини, судот оцени дека е основан наводот на тужителот според кој тужениот орган немал право да ја менува правната природа на поднесокот кој тужителот го означил и поднел како жалба, па имајќи го предвид сето погоре изложено, одлучи да го поништи Одговорот на претставката на тужениот орган и одлучи жалбата на тужителот изјавена против Одговорот на Барањето, на ЈП Комуналец Кавадарци, да ја отфрли, како во изреката на пресудата.

По однос на посебното барање за времена мерка, Судот најде дека е неосновано, поради следното:

Согласно член 29 став 1 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Северна Македонија бр.96/2019), судот може да издаде времена мерка на барање на странката, доколку тоа е потребно за да се избегне сериозна и неотстранлива штета. Согласно став 4 на истиот член, тужбата, со барањето за издавање на времена мерка не го спречува извршувањето на актот против кој е поднесена, освен ако со закон не е поинаку уредено. Согласно став 5 на истиот член, на барање на тужителот, судот ќе го одложи извршувањето на оспорениот акт до донесувањето на правосилна одлука, доколку со извршувањето на актот би му се причинила на тужителот штета која тешко може да се надомести. При одлучувањето, судот мора во согласност со начелото на пропорционалност, да го земе предвид јавниот интерес како и интересот на тужителот и заинтересираните лица. Според став 8 на истиот член, Судот одлучува по предметот за донесување на времена мерка во рок од седум дена од приемот на барањето со решение кое треба да биде образложено. Судот може донесувањето на времената мерка да го услови со давање на гаранција за штетата која со нејзиното изрекување би можела да настане за спротивната страна.

Во смисла на погоре цитираните одредби, одложувањето на извршувањето на управниот акт против кој е поведен управниот спор, односно времено уредување на спорниот однос, може да се допушти само на барање на тужителот. За да се одлучи по барањето и истото да се уважи треба да се исполнат следните претпоставки: да е пристапено кон извршување на актот до донесување на одлуката на судот; тужителот во рок да повел управен спор против управниот акт; да постои уверување дека со извршувањето на управниот акт што се оспорува во управен спор на тужителот ќе му се нанесе штета која тешко би можела да се поправи; одложувањето на управниот акт да не е спротивно на јавниот интерес, ниту со одложувањето на извршувањето би се нанела ненадоместлива штета на спротивната страна, ако постои. Сите овие претпоставки треба кумулативно да бидат исполнети, за да може да се постапи и да биде усвоено барањето на тужителот за одложување на извршувањето на управниот акт до завршувањето на управниот спор.

Имено, тужителот бара Управниот суд да донесе Решение за времена согласно член 29 од Законот за управните спорови, со цел времено регулирање на

состојбата во врска со спорниот правен однос и да одлучи дали бараните информации се информации од јавен карактер или не, со оглед на тоа што истите се од суштинско значење за заштита на имотните права и интереси на тужителот, па доколку истиот не биде прифатен, тужителот ќе биде ставен во состојба да трпи ненадоместлива штета, дополнително што од документација произлегува дека имателот на информации воопшто не постапил по барањето од Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер што создава состојба дека може да му се оневозможи правото на пристап до информациите.

Имајќи го предвид наведеното, а со оглед на фактот што судот ја уважи тужбата, наоѓајќи дека тужениот орган сторил повреда на процесните одредби во поглед на видот и формата на актот во конкретниот случај, но се согласува со ставот на тужениот орган по однос на правната работа и целите на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и дека во случајот не се работи за барање пристап до информации од јавен караткер согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, па тужителот не може да трпи ненадоместлива штета од тужениот орган кој е ненадлежен за конкретната правна работа, следуваше да одлучи барањето на тужителот за времена мерка да го одбие како неосновано, како под став 1 од решението.

Постапувајќи по барањето на полномошникот на тужителот за надомест на трошоците во постапката, Судот, согласно член 148 став 2 од ЗПП, во врска со член 86 од Законот за управните спорови и согласно успехот во спорот, одлучи секоја странка да ги поднесува своите трошоци на постапката, поради што барањето за надомест на трошоците во постапката, го одби како неосновано, како под став 2 од решението.

Со оглед на наведеното, а согласно член 60 став 1 од Законот за управните спорови, Судот одлучи како во изреката на пресудата.

Одлучено во Управен суд на 02.12.2025 година, под У-6.бр.830/2025 и У-6.бр.832/2025.

Записничар - виш судски соработник
Моника Георгиева

Претседател на совет - Судија
Даниела Антовска

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука дозволена е жалба во рок од 15 дена од приемот на истата, преку овој суд до Виш управен суд.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжува тужителот да плати судска такса за одлука во износ од 800,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа како примач Буџет на Р.Македонија, банка на примач НБРМ, судски такси од правни лица сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03338, Приходна шифра: 72-22-11, Програма:00, Начин:2.

Одлуката да се достави на:
- тужител, преку полномошник
- тужен орган

Согласноста на преписот
со изворникот го потврдува
Судски службеник
4

Претседател на совет - Судија
Даниела Антовска